Grant Thornton

# Извештај за независно разумно уверување

Цементарница УСЈЕ А.Д. Скопје

# Содржина

Извештај за независно разумно уверување 1

Прилог - Спогодба за присоединување 6

# Извештај за независно разумно уверување

**Grant Thornton DOO**
Sv.Kiril i Metodij 52b-1/20
1000 Skopje
North Macedonia
**T** +389 (0)2 3214 700
**F** +389 (0)2 3214 710
**E** Contact@mk.gt.com
VAT No. 4030003475973

До Раководството на  Цементарница УСЈЕ А.Д. Скопје

## 1. Делокруг на ангажманот

Ние бевме ангажирани од Раководството на Цементарница УСЈЕ А.Д. Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото“, „Друштво што презема“), да извршиме ангажман за независно разумно уверување во врска со Спогодбата за присоединување („Спогодбата“) на следниве:

Друштва што се присоединуваат:

- Трговско друштво ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с. Чешиново Чешиново — Облешево, со седиште на ул. АСНОМ ББ, Чешиново, ‘lешиново — Обле шево, со ЕМБС 5731534 и со ЕДБ 4013003 116750, застапувано од Управителот Гоце Цветкоски (во натамошниот текст како ИД КОМПАНИ),

- Друштвото за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново - Облешево, со седиште на ул.АСНОМ 66 Чешиново, Чешиново - Облешево, со ЕМБС 4481135 и со ЕДБ 4013992100558, застапувано од Управителот Гоце Цветкоски (во натамошниот текст како ОПАЛИТ)

Кон Друштвото што презема:

- Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 94, Скопје, со ЕМБС 4053397 н со ЕДБ 4030954259677, застапувана од Главниот извршен директор Борис Хрисафов (во натамошниот текст како УСЈЕ)

Спогодбата за присоединување е дадена во прилог на нашиот Извештај и претставува негов интегрален дел.

## 2. Предмет на ангажманот и идентификација на критериуми

Нашиот ангажман го извршивме во согласност со член 525 од Законот за Трговски Друштва (ЗТД), кој бара од раководствата на друштвата кои учествуваат во присоединувањето да назначат овластен ревизор кој ќе изврши ревизија на Спогодбата за присоединување.

Целта на нашиот ангажман на независно разумно уверување е да изразиме мислење за тоа дали содржината на Спогодбата за присоединување е во согласност, во сите материјални аспекти, со релевантните критериуми утврдени во членот 520 од Законот за Трговски Друштва.

При тоа, согласно одредбите на членот 525 од ЗТД, Извештајот за независно разумно уверување мора да го содржи мислењето на ревизорот дали индексот на размената на акциите, односно на уделите е праведен и разумен. Во својот извештај за независно разумно уверување ревизорот треба да наведе:

- кој метод, односно кои методи биле употребени за да се процени предложениот индекс на размена и кој метод е примарен;
- каков сооднос на размена би настанал со употреба на различни методи и која е релативната важност на секој од методите коишто се користени при утврдувањето на индексот на размената;
- дали користениот метод, односно методи се соодветни за размената и
- кои тешкотии, ако ги имало, се јавиле при процената и при вршењето на ревизијата.

Grant Thornton DOO is a member firm of Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms. GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate, one another and are not liable for one another's acts or omissions.

## 3. Опис на статусните промени и содржина на Спогодбата

Во текот на 2023 година, Друштвото ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с. Чешиново и Друштвото ОПАЛИТ ДООЕЛ с. Чешиново како друштва што се присоединуваат отпочнаа процес на присоединување кон Друштвото Цементарница УСЈЕ АД Скопје како Друштво што презема. На ден 17.07.2023 година, Друштвото ОПАЛИТ ДООЕЛ с. Чешиново како друштво што се присоединува и Цементарница УСЈЕ АД Скопје како друштво што презема, добија Согласност за спроведување на процесот на присоединување од страна на Владата на Република Северна Македонија. На ден 21.08.2023 година, погоре наведените друштва што се присоединуваат и друштвото што презема склучија Спогодба за присоединување заверена под бр.516/23 од 25.08.2023 година кај нотар Снежана Видовска

Целта на присоединувањето има економски карактер односно потребата од концентрација на капиталот, технологијата, стручните кадри и работната сила, зголемување на ефикасноста во работењето и конкурентноста на пазарот, намалување на трошоците на работење, обезбедување континуитет во вршењето на дејностите на друштвата кои се присоединуваат, поповолни услови за нови инвестирања и решенија за развој на друштвото што презема.

Согласно одредбите на Спогодбата, во постапката за присоединување, средствата, имотот, правата и обврските на друштвата што се присоединуваат: ИД КОМПАНИ и ОПАЛИТ, ќе се пренесат во целост согласно одредбите од ЗТД, на друштвото што презема УСЈЕ, на начин што ќе се изврши универзален пренос на целокупните средства, имот, права и о5врски на друштвата што се присоединуваат, без да се спроведе нивна ликвидација. По завршувањето на постапката за присоединување, правниот субјективитет на друштвата што се присоединуваат престанува без постапка за ликвидација.

Согласно член 4 од Спогодбата, вредноста на активата и пасивата која се пренесува од дрvштвата што се присоединуваат на друштвото што презема, според билансите на состојба на ден 31.07.2023 година е како што следи:

- Трговско друштво ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново — Облешево:
  - вкупната аредност на активата изнесува 15.821.524,00 денари
  - вкупнэта вредност на пасивата изнесува 15.821.524,00 денари
- Друштво за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново – Облешево:
  - вкупната вредност на активата изнесува 54.257.784,00 денари
  - вкупната вредност на пасивата изнесува 54.257.784,00 денари

Активата и пасивата на Друштвата што се присоединуваат се пренесуваат кон Друштвото што презема со денот на присоединувањето. Со присоединувањето, целокупниот имот и обврски на друштвата што се присоединуваат се пренесуваат во целост на друштвото што презема.

Во однос на друштвото што се присоединува ИД КОМПАНИ, имајќи предвид дека Друштвото што презема е единствен содру›кник односно поседува 100% од уделот во кој е претставена основната главнина на Друштвото што се присоединува, не се врши преземање и замена на уделите и не се врши зголемување на основната главнина на друштвото што презема.

Во однос на друштвото што се присоединува ОПАЛИТ, со присоединувањето основната главнина на друштвото што се присоединува во износ од 21.832.223,00 МКД непаричен влог, преминува во имот на Друштвото што презема УСЈЕ и не се врши зголемување на основната главнина на друштвото што презема, ниту се врши измена на актот за основање на друштвото што презема.

Grant Thornton DOO is a member firm of Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms. GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate, one another and are not liable for one another's acts or omissions.

## 4. Одговорност на раководствата

Раководствата на друштвата што учествуваат во реализацијата на постапката за присоединување (друштвата што се присоединуваат и друштвото што презема) се одговорни за објективноста, точноста и усогласеноста на Спогодбата за присоединување со законската регулатива и актите на друштвата.

Оваа одговорност исто така вклучува воспоставување и примена на такви внатрешни контроли за кои Раководствата определуваат дека се неопходни за изготвување на Спогодбата која не содржи материјално погрешни одредби, како резултат на измама или грешка.

## 5. Одговорност на ревизорот

Нашата цел беше да ја оцениме усогласеноста на Спогодбата за присоединување со критериумите утврдени во член 520 од Законот за Трговски Друштва и да донесеме заклучок за независно разумно уверување врз основа на прибавените докази.

Ние го спроведовме нашиот ангажман за независно разумно уверување во согласност со Меѓународниот стандард за ангажмани за уверување (ISAE) 3000, ангажмани за уверување освен ревизии или прегледи на историски финансиски информации, издаден од Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување. Тој стандард бара од нас да се усогласиме со етичките барања и да го планираме и извршиме нашиот ангажман за независно разумно уверување за да добиеме доволно соодветни докази за тоа дали предметот дефиниран во Дел 2 погоре е без материјални погрешни прикажувања. Ние не прифаќаме никаква одговорност за какви било извештаи претходно дадени од нас за какви било финансиски информации користени во врска со предметната материја, надвор од онаа што им се должи на оние на кои тие извештаи беа упатени од нас на датумите на нивното издавање.

Нашето Друштво – Грант Торнтон ДОО го применува Меѓународниот стандард за контрола на квалитетот 1 „Контрола на квалитет за фирми кои вршат ревизија и проверка на финансиски извештаи и други ангажмани за уверување и поврзани услуги“ како национален стандард за контрола на квалитетот и соодветно одржува сеопфатен систем за контрола на квалитетот вклучувајќи документирани политики и процедури во однос на усогласеноста со етичките барања, професионалните стандарди и применливите законски и регулаторни барања.

Ние ги почитувавме барањата за независност и етика на Меѓународниот кодекс на етика за професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) на Одборот за меѓународни етички стандарди за сметководители (IESBA), кој е заснован на основните принципи на интегритет, објективност, професионална компетентност и должно внимание, доверливост и професионално однесување, како и други независност и етички барања, применливи за овој ангажман за уверување во нашата земја.

## 6. Резиме на извршената работа

Избраните процедури зависат од нашата проценка, вклучително и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување во податоците и информациите релевантни за проценка на усогласеноста на Спогодбата за присоединување со релевантната законска регулатива, без разлика дали се должи на измама или грешка. При правењето на тие проценки на ризик, ја разгледавме внатрешната контрола релевантна за подготовката на таквите податоци и информации со цел да дизајнираме процедури за уверување што се соодветни во околностите, но не и за целите на изразување заклучок за ефективноста на внатрешната контрола.

Grant Thornton DOO is a member firm of Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms. GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate, one another and are not liable for one another's acts or omissions.

Следните информации и податоци ни беа ставени на располагање:

- Законот за трговски друштва;
- Сметководствени стандарди прифатени во РСМ;
- Спогодба за присоединување на Друштвото ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с. Чешиново и Друштвото ОПАЛИТ ДООЕЛ с. Чешиново како друштва што се присоединуваат кон Друштвото Цементарница УСЈЕ АД Скопје како Друштво што презема, склучена на ден 21.08.2023 година и заверена под бр.516/23 од 25.08.2023 година кај нотар Снежана Видовска
- Податоци од Централниот Регистар на РСМ за друштвата вклучени во реализација на спогодбата
- Одлука за давање согласност за присоединување на Друштвото за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с. Чешиново, Чешиново Облешево кон Цементарница УСЈЕ АД Скопје со број 41-1973/9 од 11.07.2023 година, објавена во Службен весник на РСМ бр. 151/2023
- Годишни сметки, ревидирани финансиски извештаи и меѓупериодични финансиски информации за друштвата што се присоединуваат
- Изворни финансиски и други релевантни информации, податоци и документација поврзани со состојбите на активата и пасивата на друштвата што се присоединуваат со пресечен датум 31.07.2023 година

Ние ги спроведовме следните подолунаведени процедури:

- Прибирање и испитување на релевантни податоци и информации со цел стекнување на разбирање за договорната и законска рамка за изготвување на Спогодбата, и тоа:
    - Релевантната законска регулатива,
    - Целосен увид во Спогодбата за присоединување.
- Проверка на тековни состојби издадени од Централен Регистар на РСМ;
- Проверка, споредба и усогласување на финансиските податоци и информации презентирани во Спогодбата за присоединување (член 4 од Спогодбата) во однос на состојбата на активата и пасивата на друштвата што се присоединуваат со релевантните податоци и информации од ревидираните финансиски ивештаи, годишните сметки, меѓупериодичните финансиски извештаи и други изворни податоци и информации со состојба на 31.07.2023 година
- Оценка на објективноста и усогласеноста на Спогодбата за присоединување со релевантната законска регулатива и актите на друштвата.

Податоците и информациите од ревидираните финансиски ивештаи, годишните сметки, меѓупериодичните финансиски извештаи и други изворни податоци и информации кои ги користевме при извршувањето на нашиот ангажман не беа предмет на наша ревизија во смисла на Меѓународните стандарди за ревизија. Постапките што ги спроведовме не претставуваат ревизија ниту проверка на овие финансиски и други информации, податоци и документација и затоа ние не сме одговорни за издавање или ажурирање какви било извештаи или мислења за историските финансиски информации на друштвата што се присоединуваат.

Нашите процедури беа единствено насочени кон добивање докази дека содржината на Спогодбата за присоединување е во согласност со важечката законска регулатива идентификувана погоре. Целта на нашата работа не беше да ја прецениме доволноста на податоците и информациите релевантни за спогодбата, или да ја прецениме веродостојноста и интегритетот на информациите содржани во неа, особено во однос на презентираните податоци, вклучувајќи, доколку ги има, проценките направени за претходни години, бројки, датуми, анализи, методи на распределба и усогласеност со релевантните прописи.

Нашите процедури вклучија и проценка дали предметот на ангажманот е соодветен и дали усвоените критериуми се соодветни на дадените околности.

Grant Thornton DOO is a member firm of Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms. GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate, one another and are not liable for one another's acts or omissions.

Grant Thornton

## 7. Инхерентни ограничувања

Постојат инхерентни ограничувања кои можат да произлезат поради неможноста да се влијае и контролира деловното опкружување, ефективноста на системот на внатрешни контроли, вклучувајќи ја и можноста за човечка грешка и заобиколување на контролите. На пример, поради нивната природа, контролите не смеат да спречат или да откријат неовластен пристап до системи и информации или неусогласеност со внатрешните и надворешните политики или барања.

## 8. Заклучок

Нашиот заклучок е формиран врз основа на и е предмет на прашањата наведени погоре и треба да се чита во врска со овие прашања. Ние не се соочивме со било какви потешкотии при извршувањето на нашиот ангажман, Сметаме дека доказите што ги добивме се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашиот заклучок.

Врз основа на спроведените процедури и согласно наведеното во делот 3.   Опис на статусните промени и содржина на Спогодбата, ние констатиравме дека во постапката на присоединувањето не се врши размена на удели помеѓу друштвата што се присоединуваат кон друштвото пто презема.

Наше мислење е дека, Спогодба за присоединување на Друштвото ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с. Чешиново  и Друштвото ОПАЛИТ ДООЕЛ с. Чешиново како друштва што се присоединуваат кон Друштвото Цементарница УСЈЕ АД Скопје како Друштво што презема, склучена на ден 21.08.2023 година, во сите материјални аспекти, е во согласност со критериумите утврдени во членот 520 од Законот за Трговски Друштва.

## 9. Ограничувања во однос на употребата на Извештајот

Извештајот за независно разумно уверување е изготвен и наменет единствено со цел да им помогне на раководствата на Друштвата во комплетирањето на потребната документација и нејзино доставување до надлежните органи, за стекнување на согласност за статусната промена - присоединување на Друштвото ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с. Чешиново и Друштвото  ОПАЛИТ ДООЕЛ с. Чешиново како друштва што се присоединуваат кон Друштвото Цементарница УСЈЕ АД Скопје како Друштво што презема, согласно одредбите на Законот за трговски друштва.

Според тоа, овој Извештај за независно разумно уверување не е соодветен за употреба од било која друга страна за било какви други цели и во било каков друг контекст. Било која друга страна, која ќе стекне пристап до нашиот Извештај или негова копија, и која одбрала да се засновува на истиот (или негови делови), го чини тоа на сопствен ризик. Ние не прифаќаме било каква одговорност кон било која друга страна, освен Друштвата, во однос на спроведениот ангажман, нашиот Извештај и изразеното мислење. Овој ангажман не не обврзува на обезбедување понатамошни консултации или изјави и нашиот Извештај за независно разумно уверување не може да послужи пред судски органи, освен со претходна согласност од наша страна.

Grant Thornton

Нашиот извештај е наменет исклучиво за раководствата на погореспоменатите Друштва учесници во процесот на статусната промена - присоединување - ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с. Чешиново, ОПАЛИТ ДООЕЛ с. Чешиново и Цементарница УСЈЕ АД Скопје, како и за надлежните органи и истиот не може да се копира и дистрибуира (во целост или негови делови) на други страни без наша претходна согласност.

Управител
Марјан Андонов

Овластен ревизор
Марјан Андонов

Друштво за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје

Грант Торнтон ДОО, Скопје

Скопје, 13.11.2023

Grant Thornton DOO is a member firm of Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms. GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate, one another and are not liable for one another's acts or omissions.

# Прилози

# Прилог 1

# Спогодба за присоединување

Трговско друштво
ИД КОМПАНИ ДООЕЛ
Бр 0307-01
23.08.2023 202 год.
с.Чешиново, Чешиново-Облешево 1

Друштво за неметали
ОПАЛИТ ДООЕЛ
Бр 0307-36
23.08.2023 202 год.
с.Чешиново, Чешиново-Облешево 1

Цементарница УСЈЕ АД
Бр. 03-1035
13.08 2023 год.
СКОПЈЕ

# СПОГОДБА
# ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

Склучена во Скопје, на ден 21.08.2023 година

## ФОРМА, ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВАТА

**Член 1**

Друштва што се присоединуваат:

- **Трговско друштво ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с. Чешиново Чешиново – Облешево,** со седиште на ул. АСНОМ ББ, Чешиново, Чешиново – Облешево, со ЕМБС 5731534 и со ЕДБ 4013003116750, застапувано од Управителот Гоце Цветкоски (во натамошниот текст како **ИД КОМПАНИ**),
- **Друштвото за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново - Облешево**, со седиште на ул.АСНОМ бб Чешиново, Чешиново - Облешево, со ЕМБС 4481135 и со ЕДБ 4013992100558, застапувано од Управителот Гоце Цветкоски (во натамошниот текст како **ОПАЛИТ**)

Друштво што презема:

- **Цементарница УСЈЕ АД Скопје**, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 94, Скопје, со ЕМБС 4053397 и со ЕДБ 4030954259677, застапувана од Главниот извршен директор Борис Хрисафов (во натамошниот текст како **УСЈЕ**).

## НАЧИН НА ПРЕНОС НА ИМОТОТ И НА ОБВРСКИТЕ

**Член 2**

Во постапката за присоединување, средствата, имотот, правата и обврските на друштвата што се присоединуваат: ИД КОМПАНИ и ОПАЛИТ, ќе се пренесат во целост согласно одредбите од ЗТД, на друштвото што презема УСЈЕ, на начин што ќе се изврши универзален пренос на целокупните средства, имот, права и обврски на друштвата што се присоединуваат, без да се спроведе нивна ликвидација.

Во овој контекст, ќе се изврши **пренос и на: недвижниот имот** на ОПАЛИТ на начин што недвижниот имот со книговодствена вредност од **7.430.578,00** денари, заведен во **Имотен лист бр.1442 за КО Чешиново** и **Имотен лист бр.1444 за КО Чешиново на име на ОПАЛИТ**, ќе му **припадне во сопственост и владение на Друштвото што презема УСЈЕ,** кои се **Прилог 1** кон оваа Спогодба, како и пренос на сите одобренија, дозволи, лиценци и останата документација издадена од надлежни органи и институции, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: концесијата согласно Договорот за концесија бр.24-5653/1 од 13.11.2014 год., склучен со Владата на РСМ, Дозволата за експлоатација бр. 24-1612/9 од 05.06.2014 година издадена од Министерството за економија, Б-интегрираната еколошка дозвола со бр. Уп1 22-16 од 10.06.2021 година, како и пренос на правото согласно Барањата за утврдување на правен статус на бесправни објекти, поднесени на ден 31.12.2018 год.до Оптшина Чешиново-Облешево под УП1 бр.: 22-147; 22-148; 22-149; 22-150; 22-151 и 22-152.

## ЦЕЛ И УСЛОВИ НА ПРИСОЕДИНУВАЊЕТО

**Член 3**

Целта и условите за реализација на присоединувањето на друштвото што се присоединува, кон друштвото што презема се од економски аспект: односно потребата од концентрација на капиталот, технологијата, стручните кадри и работната сила, зголемување на ефикасноста во работењето и конкурентноста на пазарот, намалување на трошоците на работење, обезбедување континуитет во вршењето на дејностите на друштвата кои се присоединуваат, поповолни услови за нови инвестирања и решенија за развој на друштвото што презема, како и да се изврши целосен

пренос на средствата, обврските и капиталот на друштвата што престануваат врз друштвото што презема и кое станува правен следбеник на друштвата што престануваат со присоединување.

**ВРЕДНОСТ НА АКТИВАТА И ПАСИВАТА**

**Член 4**

Вредноста на активата и на пасивата која се пренесува од друштвата што се присоединуваат на друштвото што презема, според билансот на состојба заклучно со периодот 31.07.2023 година е определена како што следи:
Трговско друштво ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново – Облешево,
вкупната вредност на активата изнесува 15.821.524,00 денари
вкупната вредност на пасивата изнесува 15.821.524,00 денари

Друштво за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново - Облешево,
вкупната вредност на активата изнесува 54.257.784,00 денари
вкупната вредност на пасивата изнесува 54.257.784,00 денари

Активата и пасивата на Друштвата што се присоединуваат се пренесуваат кон Друштвото што презема со денот на присоединувањето. Со присоединувањето, целокупниот имот и обврски на друштвата што се присоединуваат: ИД КОМПАНИ и ОПАЛИТ, ќе се пренесат во целост на друштвото што презема УСЈЕ.

**СООДНОС СПОРЕД КОЈ ЌЕ СЕ ВРШИ РАЗМЕНА НА УДЕЛИТЕ**

**Член 5**

Во однос на друштвото што се присоединува: Друштвото ИД КОМПАНИ, согласно одредбите од чл.532 и 533 од ЗТД, а имајќи предвид дека Друштвото што презема е единствен содружник на Друштвото што се присоединува, односно поседува 100% од уделот во кој е претставена основната главнина на Друштвото што се присоединува, не се врши замена на уделите и не се врши зголемување на основната главнина на друштвото што презема.

Во однос на друштвото што се присоединува: Друштвото ОПАЛИТ, со присоединувањето основната главнина на друштвото што се присоединува во износ од 21.832.223,00 МКД непаричен влог, преминува во имот на Друштвото што презема УСЈЕ и не се врши зголемување на основната главнина.

**ПРАВА НА СОДРУЖНИКОТ**

**Член 6**

На содружниците во друштвата што се присоединуваат и на друштвото што презема им се признати сите права кои ги имаат согласно Законот за трговските друштва, а посебни погодности со ова присоединување не стекнува.

**ПРЕЗЕМАЊЕ НА УДЕЛ И РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКА**

**Член 7**

Согласно одредбите од чл.532 и 533 од ЗТД, а имајки предвид дека Друштвото што презема е единствен содружник на Друштвото што се присоединува: ИД КОМПАНИ, односно поседува 100% од уделот во кој е претставена основната главнина на Друштвото што се присоединува: ИД КОМПАНИ, не се врши преземање на удел и замена на уделот.

Во однос на друштвото што се присоединува: ОПАЛИТ, со присоединувањето, основната главнина на друштвото што се присоединува во износ од 21.832.223,00 МКД непаричен влог, преминува во имот на Друштвото што презема: УСЈЕ, не се врши зголемување на основната главнина

на друштвото што презема, ниту се врши измена на актот за основање на друштвото што презема.

Правото на учество во добивката ќе се остварува од денот на статусната промена, а во согласност со одредбите од ЗТД.

**ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ**

**Член 8**

Друштвата што се присоединуваат ќе престанат да ги вршат деловните активности, заклучно со 31.12.2023 год.

**Член 9**

Од 01.01.2024 година, зделките на друштвата што се присоединуваат ќе се сметаат за извршени за сметка на друштвото што презема. Датум на пресек за книговодствената евиденција на друштвата што се присоединуваат е 31.12.2023 година и од 01.01.2024 година, книговодствената евиденција за друштвата што се присоединуваат и за друштвото што презема ќе ја води само друштвото што презема.

**ПОСЕБНИ ПОГОДНОСТИ**

**Член 10**

На Овластените лица на друштвата кои учествуваат во постапката на присоединување не им се даваат никакви посебни погодности.

**РАБОТЕН ОДНОС**

**Член 11**

Во друштвото што се присоединува: ИД КОМПАНИ, нема вработени лица кои го продолжуваат работниот однос во друштвото што презема Цементарница УСЈЕ АД Скопје.

Вработените во Друштвото кое се присоединува: ОПАЛИТ, го продолжуваат работниот однос во Друштвото кое презема, без прекин во траењето на работниот однос, со истите права и обврски што ги имале во Друштвото кое се присоединува и со договорите за вработување и во однос на истите, ќе се применуваат задолжителните одредби од Законот за работните односи.

Список на вработени во Друштвото што се присоединува: Друштвото за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново – Облешево на кои работниот однос ќе им продолжи во Друштвото што презема е даден како **Прилог 2** кон Спогодбата.

**ГОДИШНИ СМЕТКИ**

**Член 12**

Согласно чл.524 од ЗТД, Друштвата што се присоединуваат, ќе изготват годишни сметки за периодот 01.01.2023-31-10.2023 година, најдоцна до 10.11.2023 година.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 13**

Овластените лица на друштвата преземаат обврска оваа спогодба да ја објават во Службен весник на РСМ и најмалку во еден дневен весник, а во согласност со чл.522 од ЗТД.

По истекот на еден месец сметано од денот на објавувањето на оваа спогодба во цитираните гласила, ќе се свика собир на содружници на друштвата што се присоединуваат и на друштвото што презема, за прифаќање на оваа спогодба.

**Член 14**

Овластените лица на друштвата се должни оваа спогодба да ја достават до Централниот регистар на РСМ за да се изврши предбележба.

По извршената предбележба во единствениот трговски регистар, во Службен весник на РСМ се објавува дека е извршена предбележба и дека оваа спогодба е дозволена за увид.

**Член 15**

Друштвата што учествуваат во постапката за оваа статусна промена, одлучија да назначат овластен ревизор за да ја прегледа оваа спогодба.

**За ИД КОМПАНИ**
**Управител**
Гоце Цветкоски
________________

Трговско друштво ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с.Чешиново 1 Чешиново-Облешево

**За ОПАЛИТ**
**Управител**
Гоце Цветкоски
________________

Друштво за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново 1 Чешиново-Облешево

**За УСЈЕ**
**Главен извршен директор**
Борис Хрисафов
________________

ПРИЛОГ 1

1. **Имотен лист 1442 за КО Чешиново за недвижен имот:**
   - КП 4284, м.в.Село, Трстика, во површина од 172 м2;
   - КП 4300/12, м.в.Село, неизградено земјиште, во површина од 196 м2;
   - КП 4300/6, м.в.Село, неизградено земјиште, во површина од 48 м2;
   - КП 5069/3, м.в.Село, неизградено земјиште, во површина од 147 м2;
   - КП 4279/4, м.в.Село, неизградено земјиште, во површина од 952 м2;
   - КП 4280, м.в.Село, Трстика, во површина од 1030 м2;
   - КП 5069/2, м.в.Село, неизградено земјиште, во површина од 2551 м2;
   - КП 4300/7, м.в.Село, неизградено земјиште, во површина од 2179 м2;
   - КП 4300/2, м.в.Село, неизградено земјиште, во површина од 800 м2;
   - КП 4300/8, м.в.Село, неизградено земјиште, во површина од 820 м2;
   - КП 4380, АСНОМ, градина, во површина од 152 м2;
   - КП 4279/2, м.в.Село, неизградено земјиште, во површина од 414 м2;
   - КП 4279/3, м.в.Село, неизградено земјиште, во површина од 452 м2;
   - КП 4285, м.в.Село, градина, во површина од 494 м2;
   - КП 5069/5, м.в.Село, неизградено земјиште, во површина од 68 м2;
   - КП 4344, АСНОМ, градежно неизградено земјиште, во површина од 4246 м2.

2. **Имотен Лист БР.1444 за КО Чешиново**
   - КП 4251/5, ул.Х.Т.Карпош 2, згр.1, згради во индустрија и рударство, во површина од 201 м2 и
   - КП 4251/5, ул.Х.Т.Карпош 2, згр.1, згради во останато стопанство, во површина од 50 м2.

**ПРИЛОГ 2**

**СПИСОК НА ВРАБОТЕНИ**

Во **Трговското друштво ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с. Чешиново, Чешиново – Облешево**, со седиште на ул. АСНОМ бб Чешиново, Чешиново – Облешево, со ЕМБС 5731534 и ЕДБ 4013003116750 како Друштво што се присоединува кон Друштвото што презема **Цементарница УСЈЕ АД Скопје**, со седиште на ул. Борис Трајковски бр.94, Скопје, со ЕМБС 4053397 и ЕДБ 4030954259677, нема вработени лица кои го продолжуваат работниот однос во Друштвото што презема Цементарница УСЈЕ АД Скопје.

Во **Друштво за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с. Чешиново, Чешиново – Облешево,** со седиште на ул. АСНОМ бб Чешиново, Чешиново – Облешево, со ЕМБС 4481135 и ЕДБ 4013992100558, како Друштво што се присоединува кон Друштвото што презема Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со седиште на ул. Борис Трајковски бр.94, Скопје, со ЕМБС 4053397 и ЕДБ 4030954259677, работниот однос на вработените ќе им продолжи во Друштвото што презема Цементарница УСЈЕ АД Скопје и тоа:

- Ратко Христов
- Розетка Стојова

ПРИЛОГ 3

## ЛИСТА НА СОДРУЖНИЦИ

1. **Друштво за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново, Чешиново - Облешево**, ул.АСНОМ бб Чешиново, Чешиново-Облешево, со ЕМБС 4481135 како друштво што се присоединува кон Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 94, со ЕМБС 4053397 и ЕДБ 4030954259677 со влог кој веќе постои во висина од 21.832.223,00 МКД.

2. **Трговско друштво ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с.Чешиново, Чешиново – Облешево**, ул.АСНОМ бб Чешиново, Чешиново-Облешево, со ЕМБС 5731534 - Единствен содружник на Друштвото за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново - Облешево, ул.АСНОМ бб Чешиново, Чешиново-Облешево, со ЕМБС 4481135, како друштво што се присоединува кон Цементарница УСЈЕ АД Скопје, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 94, со ЕМБС 4053397 и ЕДБ 4030954259677, со влог кој веќе постои во висина од 6.704.800,00 МКД.

3. **Цементарница УСЈЕ АД Скопје**, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 94, со ЕМБС 4053397 и ЕДБ 4030954259677 - Единствен содружник на Трговското друштво **ИД** КОМПАНИ ДООЕЛ с.Чешиново Чешиново – Облешево, ул.АСНОМ бб Чешиново, Чешиново-Облешево, со ЕМБС 5731534, како друштво што презема, со влог кој веќе постои во висина од 1.747.730.400,00 МКД.

| | | |
|---|---|---|
| **Друштво што се присоединува ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с.Чешиново** | **Друштво што се присоединува ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново** | **Друштво што презема Цементарница УСЈЕ АД Скопје** |
| **Управител** | **Управител** | **Главен извршен директор** |
| Гоце Цветкоски | Гоце Цветкоски | Борис Хрисафов |
| Трговско друштво ИД КОМПАНИ ДООЕЛ с.Чешиново 1 Чешиново-Облешево | Друштво за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново 1 Чешиново-Облешево | Цементарница "УСЈЕ" АД Скопје |

© 2022 Grant Thornton DOO. All rights reserved.

'Grant Thornton' refers to the brand under which the Grant Thornton member firms provide assurance, tax and advisory services to their clients and/or refers to one or more member firms, as the context requires. Grant Thornton International Ltd (GTIL) and the member firms are not a worldwide partnership. GTIL and each member firm is a separate legal entity. Services are delivered by the member firms. GTIL does not provide services to clients. GTIL and its member firms are not agents of, and do not obligate, one another and are not liable for one another's acts or omissions.